Влада на Република Северна Македонија

European Bank
for Reconstruction and Development

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОНАПОНСКИ ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛИ НА ДРЖАВНО ЗЕМЈИШТЕ СО ИНСТАЛИРАНА МОЌНОСТ ОД 35 MW НА ПРИНЦИП НА ПРЕМИУМИ

Започнува инвестициски циклус за изградба на фотонапонски електрооцентрали со вкупна инсталирана моќност до 200 MW


ФОТОНАПОНСКИ ЕЛЕКТРАНИ (ДРЖАВНО ЗЕМЈИШТЕ)
10
MW
МАНАСТИРЕЦ
МАКЕДОНСКИ БРОД


ФОТОНАПОНСКИ ЕЛЕКТРАНИ (ДРЖАВНО ЗЕМЈИШТЕ)
АЗАМБЕГОВО
СВЕТИ НИКОЛЕ
25
MW
10MW
5MW
2MW
2MW
1MW
1MW
1MW
1MW
1MW
1MW



# ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ

- Докажување на лична состојба
- Способност за вршење на професионална дејност
- Економско-финансиска способност



# ДОКАЖУВАЊЕ НА ЛИЧНА СОСТОЈБА

## ЗА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ

### ИСКЛУЧУВАЊЕ ОД ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПРАВО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРЕМИЈА ЗА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ФОТОНАПОНСКА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА ДОКОЛКУ:

- Во последните 5 години му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари
- Е во постапка на стечај или во постапка на ликвидација
- Има неплатени даноци, придонеси и други јавни давачки, освен ако на економскиот оператор му е одобрено одложено плаќање на даноците, придонесите или другите јавни давачки во согласност со посебните прописи и истите редовно ги плаќа
- Е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство
- Е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност
- Е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност односно привремена забрана за вршење одделна дејност
- Дава лажни податоци или не ги доставува бараните податоци



# ПРОФЕСИОНАЛНА СПОСОБНОСТ НА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ

- За да ја докаже способноста за вршење на професионална дејност, економскиот оператор треба да достави документ дека е регистриран како домашно трговско друштво во Централниот регистар на Република Северна Македонија, или доказ за упис во соодветниот регистар во земјата каде што е основано доколку економскиот оператор е странско правно лице

# ЕКОНОМСКО-ФИНАНСИСКА СПОСОБНОСТ НА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ

- Понудувачот, во последните три години да има остварено кумулативен вкупен приход еднаков на 500€ по киловат инсталирана моќност за фотонапонската централа за која ја поднесува понудата
- Доколку еден понудувач достави понуди за повеќе локации, при евалуацијата на доставените понуди, вкупниот приход кој е предмет на евалуацијата се однесува за вкупната понудена инсталирана моќност за сите  парцели
- Економскиот оператор задолжително обезбедува гаранција на понудата (гаранција за учество). Висината на гаранцијата за учество не смее да биде пониска од  1.200,00 денари по kW инсталирана моќност, а доколку економскиот оператор е странско лице доставената гаранција за учество не треба да е пониска од 20,00 € по kW планирана инсталирана моќност на фотонапонската централа



# ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ
## ЗА ЈАВНИОТ ПОВИК

- Услов за потпишување на договорот со избраниот најповолен понудувач е обезбедување неотповиклива гаранција на прв повик од страна на избраниот најповолен понудувач за навремено и квалитетно извршување на договорот во износ од 4.650,00 денари по kW инсталирана моќност, или доколку најповолниот понудувач е странско во износ од 75,00 € по kW планирана инсталирана моќност на фотонапонската централа до денот на комерцијално започнување со работа
- Понудувачите можат да поднесат понуди за најмногу четири фотонапонски електроцентрали од вкупно 11, односно најмногу три за локацијата Азамбегово и една за локацијата Манастирец.


Влада на Република Северна Македонија
European Bank
for Reconstruction and Development
ЈАВЕН ПОВИК ЗА ИЗГРАДБА НА ФОТОНАПОНСКИ ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛИ НА ДРЖАВНО ЗЕМЈИШТЕ СО ИНСТАЛИРАНА МОЌНОСТ ОД 35 MW НА ПРИНЦИП НА ПРЕМИУМИ
Започнува инвестициски циклус за изградба на фотонапонски електрооцентрали со вкупна инсталирана моќност до 200 MW